**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-449

23.12 **2021 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, член 16 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4296/1 од 25.11.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-4533/11 од 22.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 22.12.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка –јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно друштво (ТРД) Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 9-ти ноември 2021 година:

- филмовите „Враќањето на Супермен" и „Али", како и двете епизоди од серијата „Стрела" – кои требало да бидат означени како програма од трета категорија, беа емитувани во несоодветни програмски периоди, односно - пред 20 часот; а
- шесте играни филма „Алкатраз (The Rock)"; „На мој начин (My way)"; „Враќањето на Супермен"; „Приказната за желката – авантурите на Сами"; „Албански бајки (Shqiptare fairy tales)" и „Невозможна мисија - Протоколот на Духот", како и двете епизоди од играната серија - „Стрела (Arrow)" – беа емитувани без соодветна предупредувачка ознака за категоријата програма што се прикажува.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4296/1 од 25.11.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни

електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 50 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство.

Забраната од ставот (1) на овој член се однесува и на други програми кои веројатно би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, освен кога е обезбедено со нивното емитување или репризирање во одреден временски период и/или со примена на одредена техничка мерка, малолетните лица во периодот на емитување или репризирање нема на вообичаениот начин да ги слушнат или да ги видат тие програми. Кога вакви програми се емитуваат или репризираат во не кодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење (член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Согласно член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, во зависност од очекуваниот состав на публиката, категориите програми можат да се емитуваат во следните временски периоди: првата и втората категорија програми се емитуваат во текот на целото деноноќие; третата категорија се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот; четвртата категорија се емитува во периодот од 22:00 до 05:00 часот; петтата категорија се емитува во периодот од 00:00 до 05:00 часот.

Во член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица утврдено е дека предупредувачката сигнализација задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси и на соодветно место до програмите достапни во каталогот на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, и тоа: во сите видови играна програма, и во оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина или преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 25-ти ноември 2021 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 9-ти ноември 2021 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на член 50 став 3 од ЗАВМУ и на член 16 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Имено, со надзорот е констатирано дека на 9 ноември 2021 година филмовите „Враќањето на Супермен" и „Али", како и двете епизоди од серијата „Стрела" – кои требало да бидат означени како програма од трета категорија, беа емитувани во несоодветни програмски периоди, односно - пред 20 часот; а шесте играни филма „Алкатраз (The Rock)"; „На мој начин (My way)"; „Враќањето на Супермен"; „Приказната за желката – авантурите на Сами"; „Албански бајки (Shqiptare fairy tales)" и „Невозможна мисија - Протоколот на Духот", како и двете епизоди од играната серија - „Стрела (Arrow)" – беа емитувани без соодветна предупредувачка ознака за категоријата програма што се прикажува.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4296/1 од 25.11.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар на 29.11.2021 година, испрати Допис наш арх.бр.10-4296/2 од 29.11.2021 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4296/1 од 25.11.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата

да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица. Во предвидениот рок, ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар не се изјасни за стореното прекршување.

Оттука, Советот на Агенцијата на 37-та седница одржана на 22.12.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и член 16 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4296/1 од 25.11.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 37-та седница одржана на 22.12.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4533/11 од 22.12.2021 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4296/1 од 25.11.2021 година.

**Доставено до:**

- ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар;
-Управителот на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар;
-Одговорното лице на програмата во ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonise Se Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 25.11.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njesia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4296 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар;

3. **Период опфатен со надзорот:** 9 ноември 2021 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2021 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 9 ноември 2021 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 *(временски периоди за категориите програми)* и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица *(предупредувачката сигнализација за категоријата програма задолжително се апплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси за сите видови играна програма и за оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина било преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица).*

*Спротивно на членот 19 од Правилникот без предупредувачка сигнализација за категоријата програма што се прикажува* беа емитувани 6 играни филма: *„Алкатраз (The Rock)“*; *„На мој начин (My way)“*; *„Враќањето на Супермен“*; *„Приказната за желката – авантурите на Сами“*; *„Албански бајки (Shqiptare fairy tales)“*; *„Невозможна мисија - Протоколот на Духот“*, и 2 епизоди од играната серија - *„Стрела (Arrow)“*.

**9.11.2021 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Алкатраз“ (The Rock) | 00:27:57 | 02:34:40 |
| „На мој начин“ (My way) | 02:41:41 | 04:53:50 |
| „Враќањето на Супермен“ | 04:56:42 | 06:19:53 |
| „Приказната за желката – авантурите на Сами“ | 09:28:09 | 10:48:56 |
| „Албански бајки“ (Shqiptare fairy tales) | 17:48:46 | 17:58:32 |
| „Невозможна мисија - Проколот на Духот“ | 21:52:42 | 23:59:15 |
| „Стрела“ (Arrow) | 10:56:03 | 11:37:31 |
| „Стрела“ (Arrow) | 18:27:05 | 19:08:43 |
| **Опис на прекршувањето:** Играните фимови и двете епизоди од серијата, не беа означени со предупредувачка сигнализација за категоријата програма што се прикажува, како што е пропишано со членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. | | |

Филмовите: *„Алкатраз (The Rock)“* и *„На мој начин (My way)“* требало да бидат означени како програма од четврта категорија (16+), филмовите: *„Враќањето на Супермен“*, *„Невозможна мисија – Протоколот на Духот“* и двете епизоди на серијата *„Стрела“*, требало да бидат означени како – програма од трета категорија (12+), а анимираните филмови: *„Приказната за желката – авантурите на Сами“* и *„Албански бајки“*, како програма од прва категорија, наменета за сите категории гледачи.

Оттаму, прекршени се и правилата <u>од членот 16 од Правилникот</u>, бидејќи филмот: „*Враќањето на Супермен*", и двете епизоди на серијата „*Стрела*", кои требало да бидат означени како – програма од трета категорија (12+), не се емитувани во соодветен програмски период, оти програмите од оваа категорија се емитуваат само по 20 часот.

На 9 ноември 2021 година, на програмскиот сервис на ТРД Г-ТВ, истиов прекршок е направен и со емитувањето на играниот филм „Али" - *<u>соодветно означен</u>* за време на целото траење, како – програма од трета категорија (12+), но емитуван во несоодветен програмски период.

**9.11.2021 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Враќањето на Супермен" | 04:56:42 | 06:19:53 |
| „Стрела" (Arrow) | 10:56:03 | 11:37:31 |
| „Али" | 15:09:59 | 17:44:34 |
| „Стрела" (Arrow) | 18:27:05 | 19:08:43 |
| **Опис на прекршувањето:**<br>Спротивно на пропишаното со членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, двата играни филма и двете епизоди од серијата, беа емитувани во несоодветни програмски периоди, односно – пред 20 часот. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, на 9 ноември 2021 година:

- филмовите „*Враќањето на Супермен*" и „*Али*", како и двете епизоди од серијата „*Стрела*" – кои требало да бидат означени како програма од трета категорија, беа емитувани во несоодветни програмски периоди, односно - пред 20 часот; а
- шесте играни филма „*Алкатраз (The Rock)*"; „*На мој начин (My way)*"; „*Враќањето на Супермен*"; „*Приказната за желката – авантурите на Сами*"; „*Албански бајки (Shqiptare fairy tales)*" и „*Невозможна мисија - Протоколот на Духот*", како и двете епизоди од играната серија - „*Стрела (Arrow)*" – беа емитувани без соодветна предупредувачка ознака за категоријата програма што се прикажува.

9. **Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на

Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*